Купувај мудро!

КАМ доо е најголем синџир на маркети во Македонија кој ги применува основните принципи на хард дисконт: Висок квалитет и постојано ниски цени. Присутни сме во три земји со повеќе од 100 продавници, а успехот на компанијата го обезбедуваат 1.200 вработени кои посветено и професионално ја извршуваат својата работа.

Бараме амбициозни вработени и нудиме возбудливи задачи и проекти во динамична и интернационална средина, и со цел проширување на тимот во Сектор Увоз, бараме личност која ќе се придружи на нашиот тим на позиција:




# СОРАБОТНИК ЗА УВОЗ

БИДЕТЕ ДЕЛ ОД НАШИОТ **#КАМТИМ**

## *Ваши задачи:*

- Изработка на нарачки за артикли согласно плановите за увоз;
- Кореспонденција по меил со добавувачи-комплетна следливост од нарачка до реализирање, т.е влез во магацин на истатата. Одговорност за изработка, правење, спроведување и надзор на нарачките, според утврдените правила и процедури;
- Проверка на документација за увоз;
- Следење на движењето на производи/опрема надвор од земјата во соодност со локалните закони и регулативи. Потврда на термин за утовар на нарачките /Најава на камиони /Следење на утоварите за тековната недела/ Контакт со транспортери. Одговорност за транспорт на артиклите/опремата од планирање на нарачка до пристигнување во магацин;
- Ажурирање на податоците во транспортна листа ;
- Грижа околу осигурување на дел од стоките пред утовар;
- Камионски и бродски транспорт/споредба на понуди;
- Следење на обезбедувањето на потребната документација за ефикасно, економично, регулативно извршување на увозните активности. Одговорност за обезбедување на точна и комплетна документација надвор и во земјата (потребни комерцијални документи, сертификати, дозволи и сл);
- Комуницирање со институции, добавувачи и други поврзани субјекти со увозни/извозни активности, на сите потребни територии и земји со цел да се обезбеди ефективна и правно исправна увозна постапка, преговори со транспортери и договарање на транспортот, контакти со домашни и странски институции со цел извршување на увозните и царинските процедури;
- Контролирање и следење на царинските процедури. Координација со шпедицијата околу документите, царинење на стоките и контрола на пресметките за царина;
- Следење и контрола на увозни трошоци согласно утврдени лимити. Изработка и ревизија на увозни трошоци и лимити;
- Предвидување, анализа и известување на сегашни и идни промени во увозните регулативи и обезбедување дека ваквите промени се планираат и имплементираат во развојнта стратегија на секторот;
- Следење на припрема и предавање на навремена и точна документација како на пример: транспортни планови, планирани увози, увозна документација, дозволии сл;
- Управување и координација на рекламации од и за добавувачи од увоз;
- Соработка со други сектори со цел ефикасно извршување на задачите;

## *Вашиот профил:*

- Високо образование (Економски факултет; Факултет за царина и шпедиција)
- Работно искуство минимум 5 години
- Задолжително познавање на англиски јазик. Познавање на германски јазик ќе се смета за предност
- Одлично познавање на најчесто користените софтверски решенија- MS Office
- Доверлив, аналитичен, педантен и навремен со високо развиено чувство за координирање на трошоци и економичност, способност за разрешување на проблеми, можност за работа со рокови и под притисок
- Одлични интерперсонални и комуникациски способности, пишани и усни за ефикасна интеракција со персоналот и другите одделенија

## *Ние Ви нудиме:*

- Предвидена атрактивна плата + дополнителен бонус, зависно од успешноста во извршувањето на работните задачи;
- Обемно воведување во работата со обука која ветува напредок и успех во работата. Интензивно ќе бидете обучувани од ментор и ќе се запознаете со инструменти кои подоцна ќе Ви бидат потребни при самостојно извршувањето на Вашите деловни задачи
- Многу бенефиции за сите вработени
- Работа во интернационална компанија, динамично работење исполнето со новипредизвици и можности за стекнување нови искуства, вештини и напредување во кариерата.

## БЕНЕФИЦИИ:

- **Личен и професионален развој**
- **Пријатна работна атмосфера**
- **Регрес**, речиси **3 пати поголем** од законски пропишаниот
- **Колективно осигурување**
- **Бонус** за препорачан пријател за работа
- **Слободен ден** за роденден
- **Слободен ден** за лојалност (после 5 год.)
- **Ваучер** за склучен брак
- **Ваучер** за спортска опрема
- **Картичка за спорт**
- **Пакет** за новороденче
- **Училишен пакет** производи
- **Пакет** производи за верски празници согласно вероисповест
- **Попусти за одмор** во хотел Village (Охрид)
- **Подарок** за денот на жената
- **Новогодишни пакетчиња** за деца до 10г.

CORPORATE MEMBER OF MACEDONIAN HUMAN RESOURCES ASSOCIATION
PEOPLE ORIENTED COMPANY
2023

@Kam.Market
@kammakedonija
@kam.market-mk
@KAM MARKET

Ако сакаш да си дел од најмоќниот **#КАМТИМ** сподели ги твоите вредности со нас и пријави се:

преку нашата веб-страница: **www.kam.com.mk/kariera**
или на адреса: **КАМ ДОО Илинден ул. 35 бр. 39, Илинден, Р. С. Македонија**
или директно во некој од нашите маркети